АДВОКАТСКО ДРУШТВО
ДАВИДОВИЌ & ЈАНКОВИЌ

Д&Ј
titulus executionis

Централа / Факс
02 / 3114 179; 3134 - 424; 3121 - 4[illegible]
Ул. Водњанска 15/3-5 Скопје, Македонија
e-mail: advokati.davidovic_jankovic@yahoo.com
www.davidovic-jankovic.com.mk
ЕДБ 40800111[illegible]

Давидовиќ Звонко, адвокат; моб: 070 / 273 - 298   Јанковиќ Душко, адвокат; моб: 071/ 377 - 000

УСПИ бр.15/2017

Преку
Управен суд на
Република Македонија

До
Врховен суд на
Република Македонија

**ЖАЛБА**
против Решение УСПИ бр.15/2017 од 10.05.2017 година
од Дарко Димовски преку полномошник
Адвокатско друштво Давидовиќ и Јанковиќ

На 11.01.2017 година Дарко Димовски преку полномошник поднесе Предлог за заштита поради незаконито дејствие до Управниот суд на Република Македонија, а поради непостапувањето на Централниот регистар на РМ по Решение на Министерството за труд и социјална политика за впишување на Дарко Димовски како овластено лице в.д. Претседател на ССМ и в.д. Претседател на Советот на ССМ. Управниот суд на 10.05.2017 година го одбил предлогот како неоснован од причина што не биле исполнети условите за заштита од незаконито дејствие затоа што Централниот регистар ја прекинал постапката со Заклучок против кој е дозволена жалба,.а од страна на Министерството за труд и социјална политика е донесен нов управен акт на 29.12.2016 година против кој исто така е дозволена жалба.

Ја поднесуваме оваа жалба во благовремениот рок од причините кои ќе ги образложиме подолу. Имено;

Доколку Управниот суд ги прибавил сите списи од предметот на Централниот регистар на РМ ќе утвдел со сигурност дали е поднесена жалба на тој заклучок и дали има одлука по жалбата и дали на таквата одлука е дозволен правен лек/правно средство, како и кога е донесена таа одлука по жалба. Сепак, Управниот суд истото не го сторил туку просто само наведува дека против Заклучокот е дозволено право на жалба и дека Дарко Димовски поднел жалба. Како што е образложено и во самиот Предлог, самиот Заклучок на Централниот регистар е незаконит, а токму на него се

темели непостапувањето на Централниот регистар (наспроти образложението на Управниот суд дека не постои непостапување од страна на ЦРМ). Позитивните правни прописи во овој домен се доста јасни и прецизни за да може да се оправда вакво (не)постапување со вакво образложение. Не може, односно правно е недозволено ЦРМ да донесе Заклучок за прекинување на постапката во случај кога е должен да постапи по Решение на друг орган, во конкретниот случај Министерството за труд и социјална политика. Централниот регистар нема овластување да решава дали ќе постапи по Решение на МТСП, туку МОРА да постапи и тоа веднаш (ако може фирми да се отвораат за еден ден (за што ЦРМ и Владата на РМ се рекламираат), тогаш ваква проста промена треба да се спроведе за 30 минути). Сепак, Заклучокот за прекинување на постапката е донесен на 21.11.2016 година, дури 8 дена подоцна од доставувањето на Решението од страна на МТСП. Во тие 8 дена ЦРМ МОРАЛ да го спроведе Решението и да изврши упис на промена во регистарот. Тоа не е прашање на волја на ЦРМ, туку на законска обврска. И по тие 8 дена ЦРМ морал да го изврши уписот на промена на овластено лице во регистарот, но за правно да го оправда своето непостапување донел незаконит Заклучок за прекинување на постапката. Ќе укажеме уште еднаш, ЦРМ МОРА да постапи по Решението на МТСП, независно од фактот дали ОЈО Скопје води претходна постапка за истото прашање. ОЈО Скопје и по изминување на скоро 9 месеци од случувањата уште не презема никакви дејствија, ниту покренува обвинение. Уште повеќе, во барањето на ОЈО Скопје до ЦРМ нема наредба за прекинување на постапката пред ЦРМ. ЦРМ своеволно си носи незаконити Заклучоци, а Управниот суд истите ги оправдува и правно оснажува со образложение дека против истите може да се изјави жалба. Како институт во чл.56 од Законот за управните спорови е предвидена заштита токму против ваквите незаконити дејствија и е насловена како Предлог за заштита од незаконито дејствие.

Што се однесува до условите предвидени во Законот за управни спорови истите се исполнети. Имено, во Законот е предвидено дека доколку со дејствие на службено лице во орган на државна управа односно одговорно лице во претпријатие, установа или друга организација или заедница, со кое спротивно на закон непосредно му се спречува или ограничува на поединец, организација или заедница остварувањето на слобода или право, заштитата се обезбедува во постапка по предлог за заштита од незаконито дејствие, доколку не е обезбедена друга судска заштита. Друга судска заштита не е обезбедено во конкретниот случај, а правото на слободно синдикално здружување, загарантирано со Уставот на Република Македонија е непосредно спречено и ограничено со непостапување и незаконит Заклучок на ЦРМ.

Поради сето горенаведено бараме од Врховниот суд на Република Македонија да го укине Решение УСПИ бр.15/2017 од 10.05.2017 година на Управниот суд и предметот да го врати на повторно постапување пред Управниот суд.

Дарко Димовски
преку полномошник
Адвокатско друштво
Давидовиќ и Јанковиќ